## СЕДМИ КОНГРЕС НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА, Нови Сад, 4—7 октомври 1977 год.

Во Нови Сад, градот херој, од 4 до 7 октомври 1977 год. се одржа VII конгрес на Сојузот на историчарите на Југославија. Конгресот се одржа во јубилејната година, кога ја одбележуваме 40 -годишнината од доаѓањето на другарот Тито на чело на Комунистичката партија на Југославија и неговиот 85-ти роденден.

На првата пленарна седница претседателот на Сојузот на друштвата на историчарите на Југославија, д-р Бранислав Вранешевиќ, го отвори Конгресот и ги поздрави присутните претставници на општествено-политичките организации, делегатите и сите гости на конгресот од земјата и странство, пријателски неврзан Кипар, Советскиот Сојуз, Сојузна Република Герамнија, Демократска Република Германија, Италија, Австрија, Унгарија, Полска и Бугарија.

На предлог од д-р Б. Вранешевиќ во работното претседателство на Конгресот беа избрани: академик Љубен Лапе од Скопје, академик д-р Бого Графенауер од Љубљана, генерал — мајор Фабијан Трго од Белград, д-р Али Кадри од Приштина, д-р Даница Милиќ од Белград, д-р Ибро Карабеговиќ од Сараево, Илона Халупка од Нови Сад, Миомир Дашиќ од Титоград, Божена Леган од Загреб и д-р Бранислав Вранешевиќ од Нови Сад.

По изборот на работното претседателство, му беше даден збор на покровителот на Конгресот, другарот Богдан Цревар, претседател на конференцијата на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на САП Војводина. Поздравувајќи го Конгресот другарот Цревар, меѓу другото, рече дека со самото одржување на Конгресот во јубилејната година кога се прославува 40 години од доаѓањето на другарот Тито на чело на КПЈ и неговиот 85-ти роденден добива посебен белег. Со оглед, на тоа дека Конгресот се одржува пред XI конгрес на Сојузот на комунистите на Југославија, истиот станува составен дел на целокупната предконгресна активност. Во своето излагање тој посебно нагласи дека пред општеството и науката историчарите се должни не само да ги регистрираат настаните и појавите, туку истите и научно и објективно да ги проучуваат и обајснуваат. На крајот другарот Цревар му пожела на Конгресот плодна работа. Потоа претседателот на Општинското собрание на Нови Сад, другарот Јован Дејановиќ, поздравувајќи го Конгресот изрази задоволство дека Нови Сад е домаќин на VII конгрес на историчарите на Југославија во оваа јубилејна година. Исто така другарот Ј. Дејновиќ даде неколку податоци кои го карактеризираат Нови Сад, градот херој, кој на 30-годишнината од победата над фашизмот беше одликуван од Претседателот на Републиката Јосип Броз Тито со ова највисоко одликување.

Конгресот го поздрави и академикот Богољуб Станковиќ, претседател на СИЗ за научна работа на Војводина и Рожа Халаши, претседател на СИЗ за усмерено

образование на Војводина, а од странските гости Конгресот го поздрави претставникот на историчарите на Советскиот Сојуз, академик Алексеј Леантјевич Нарочницкиј, директор на Институтот за историја на СССР при Академијата на науките на СССР. Тој во својот поздравен говор до Конгресот се задржа на пријателството и борбата на југословенските народи и народности и советскиот народ, во минатото против фашизмот, а во поново време за напредок и прогрес на целото човештво.

Претседавачот го извести Конгресот дека се добиени повеќе поздравни телеграми, од кои беше прочитана телеграмата — писмо добиено од претседателот на Сојузот на здруженијата на борците од народноослободителната борба — Коста Наѓ. По поздравните говори и писма, беа прочитани имињата на починатите историчари меѓу двата конгреса и со едноминутно молчење им беше оддадена почит. Потоа, претседателот д-р Б. Вранешевиќ предложи Конгресот до продолжи со работа по основната тема „Општествените структури и општествените движења", во пет секции и тоа:

I секција за антички период и среден век, со работно претседателство д-р Десанка Ковачевиќ, д-р Христо Меловски и Зеф Мердита;

II секција за период од XV до XVIII век, со работно претседателство Скендер Ризај, Ибро Тепиќ, д-р Александар Матковски и Јосип Адамчек;

III секција за периодот од почетокот на XIX век до 1918 година, со работно претседателство Милорад Екмеќиќ, Јагода Костиќ, Ѓоко Пејовиќ, Рене Ловренчиќ и Калман Чехак;

IV секција за периодот меѓу двете светски војни (1918 — 1941), со работно претседателство д-р Александар Апостолов, Самуел Јованковиќ, д-р Мирољуб Васиќ, д-р Босилька Јањатовиќ и м-р Ѓуро Батричевиќ;

V секција за периодот од 1941 година до денес, со претседателство Иван Крижнар. Секула Јоксимовиќ и Јелена Попов.

Предлогот беше едногласно прифатен. Потоа на пленарната седница д-р Перо Дамјановиќ го поднесе својот реферат „Улогата на Јосип Броз Тито во изградбата на марксистичката партија — битен фактор на победата на Југословенската социјалистичка револуција", а потоа претседателот на Друштвото на историчарите на САП Војводина Љубивое Церовиќ, ја прочита поздравната телеграма — писмо на Конгресот до Претседателот на Републиката Тито.

Писмо од Конгресот до Претседателот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, другарот Тито

Драги наш другар Тито,

Собрани на VII конгрес на историчарите на Југославија, од редовите на сите нејзини народи и народности, Ви испраќаме срдечни поздрави — цврсто решени да истраеме во остварувањето на задачите што ги поставува нашата самоуправна општествена заедница пред наставата по историја и историската наука.

Работата на VII конгрес е посветена на проучувањето на оп

штествената структура и општествените движења во минатото, а посебно на времето кога КПЈ на чело со Вас го усмерила развојот на сите наши народи и народности во социјалистичка револуција. Значајно место во нашата работа зазема положбата на историјата во наставата, а особено нејзината улога во формирањето на нашата социјалистичка младина во смисла на марксистичкото образование.

Во оживотворувањето на ставовите и заклучоците на X конгрес на СКЈ, историчарите на Југославија постигнаа значајни резултати во унапредувањето на научноистражувачката работа, наставата по историја и во културата во најширок смислол на зборот. Тоа е постигнато со секојдневно ангажирање во институтите, на факултетите, во училиштата, во заводите за заштита на споменициите на културата, во архивите, во библиотеките и во музеите. Сето ова е усмерено спрема младата генерација, која, низ запознавањето на нашето минато, се оспособува да ги открива законитостите на општествените движења и ги уочува движечките мотиви на социјалистичката револуција.

Ангажирањето на историчарите на широк општествен план даде придонес во натамошното унапредување на социјалистичкото самоуправување во нашата повеќенационална заедница во изградбата на системот на социјалистичка демократија, во правец на јакнењето на улогата на работничката класа и ослободување на трудот, зацврстување на братството и единството на народите и народностите, негувањето на револуционерните традиции и афирмирање на политиката на несврстување и рамноправна меѓународна соработка.

Испраќајќи Ви срдечни и другарски поздрави од Нови Сад, град херој, каде што го одржуваме својот VII конгрес, изразуваме цврсто определување да го дадеме низ критичко и самокритичко согледување на суштинските проблеми на наставата по историја и научноистражувачката работа својот придонес во подготовките на XI конгрес на СКЈ.

Во Нови Сад, 4 октомври 1977
Учесниците на VII конгрес на историчарите на Југославија

Откако беше прочитана поздравната телеграма — писмото. Конгресот продолжи со работа и на претпладневната пленарна седница беа прочитани уште три реферати и тоа од: д-р Раде Петровиќ, „Местото на наставата по историја во реформираното усмерено образование"; д-р Милутин Перовиќ, „Концепција и структура на наставните содржини во програмите за историја и заедничките основи на средното усмерено образование"; д-р Хрвое Матковиќ, „Перспективите на наставата по историја во фаза на средното образование".

Попладневната пленарна седница беше поделена на два дела: за дискусија по претпладневните реферати, со која претседаваше д-р Бого Графенауер, и вториот дел на кој беа прочитани рефератите на: д-р Бранислав Вранешевиќ, „За општествените структури и општествените движења во Војводина во втората половина на XIX век"; проф. д-р Мирјана Грос, „За методолошките проб-

леми во структуралната историја со посебен осврт на степенот на развојот на Југословенската историја" и м-р Ранко Кончар, за „Движењето за автономија на Војводина меѓу двете светски војни". Со овој дел на седницата претседаваше генерал Фабијан Трго. Со дискусијата по рефератите од вториот дел на пленарната седница заврши првиот работен ден на Конгресот.

На 5 октомври Конгресот работеше во секции.

Во I-та секција беа прочитани 6 реферати т.е. соопштенија, меѓу кои и на д-р Бранко Панов од Скопје „Етничките и општествено-економските промени во Охридскиот крај во првите векови по словенската колонизација".

Во II-та секција беа поднесени 9 реферати, меѓу кои посебно внимание привлече рефератот на Душанка Бојаниќ, за „Влашката институција".

Во III-та секција беа поднесени 14 реферати, меѓу кои и на д-р Климент Џамбазовски, за „Историските пречки на патот на развитокот на македонското национално движење" и на д-р Андрија Лаиновиќ.

Во IV-та секција беа поднесени 12 реферати, меѓу кои посебно внимание привлече рефератот на д-р Александар Апостолов за „Штрајкот на учениците во учителската школа во Скопје 1919 и 1922 година и неговиот одзив во учителските школи во Србија".

На V-та секција беа поднесени 7 реферати, меѓу кои и рефератите на д-р Миле Тодоровски за „Социјалната, националната и политичката структура на партизанските одреди во Македонија 1941—1944 година" и на д-р Растислав Терзиоски „Советскиот печат за фашистичкото определување и окупаторската улога на Бугарија во Југославија 1941—1944 година".

На 6 октомври секциите продолжија со работа, при што се прочитани извештаи за 47 поднесени реферати. Од поднесените реферати би ги одвоиле рефератите на : д-р Христо Меловски за „Социјалната историја на македонското село во XI и XII век" кој го поднесе во I-та секција, на д-р Воислав Кушевски „Реагирањето во Друштвото на народите на поставувањето на Македонското прашање", поднесен во IV-та секција. Симо Младеновски, исто така поднесе реферат во IV-та секција за „Напредните студентски движења на Филозофскиот факултет во Скопје 1936—1941 година" и рефератот на д-р Ристо Поплазаров во V-та секција за „Општествено и националноослободителното движење на Македонците во јужна Македонија од 20-те до 50-те години на XX век".

На 7-ми октомври се одржа последната пленарна седница, на која беше поднесен само еден реферат од Даница Гавриловиќ, за „Компјутерско проучување на историјата". Потоа еден делегат од САП Косово предложи наредниот VIII конгрес на историчарите на Југославија да го организира Друштвото на историчарите на Косово, а да се одржи во Приштина. Предлогот со задоволство беше прифатен од сите.

По пленарната седница, се одржа Годишно собрание на кое

беа избрани членови за форумите на Сојузот на друштвата на историчарите на Југославија, а за претседател на Сојузот беше избран д-р Али Хадри, редовен професор на Филозофскиот факултет во Приштина. Со тоа Конгресот успешно ја заврши работата.

За особено одбележување е присуството на голем број историчари од СР Македонија, било како делегати, било како гости или пак со реферати. На Конгресот од Македонија беа присутни вкупно 71 историчар од кои 10 со реферати.

Васил ЈОТЕВСКИ

## ШКОЛСТВОТО, ПРОСВЕТАТА И КУЛТУРАТА ВО МАКЕДОНИЈА ВО ВРЕМЕТО НА ПРЕРОДБАТА

**(Научен симпозиум)**

По повод 120-годишнината од основањето на Трговската школа во Велес и 108-годишнината од основањето на Штипското педагошко училиште, Македонската академија на науките и уметностите организира Симпозиум на тема „Школството, просветата и културата во Македонија во времето на Преродбата".

Периодот од 30-те до 70-те години на XIX век е многу важен за просветно-културниот и националниот развиток на македонскиот народ. Тоа е време од неговата понова историја, во кое се поставуваат основите на световното школство и просветата и се создаваат непоходни услови за неговата духовна и национална преродба. Како просветни институции училиштата одиграле значајна улога не само во задоволувањето на образовните потреби и просветно-културното издигање на нашиот народ, туку и во неговото национално осознавање. Тоа посебно дошло до израз кон средината на минатиот век во времето на сеопштиот општествен, економски и културен подем на нашето граѓанство, кога тоа станало активен и моќен фактор во борбата за духовна еманципација од грцизмот, а за самостоен просветно-културен развиток на нашиот народ. Одбележувањето на 120-годишнината од основањето на првото класно училиште во Македонија и од основањето на првото богословско педагошко училиште кај нас, преставува погоден повод за продлабочување и посестрано разгледување на просветно-културниот живот на македонскиот народ во времето на Преродбата.

Првиот дел од Симпозиумот се одржа на 22 декември 1977 година во Титов Велес, а вториот дел, каде што беа презентирани поголемиот дел од рефератите, се одржа на 23 и 24 декември во Штип. Беа поднесени вкупно 38 реферати, од кои 4 од другите републики и 34 од СР Македонија. Двајца референти од оправдани причини не ги поднесоа своите реферати. Насловите на сите реферати се вклопуваа во основната тематика што ја обработуваше овој научен собир. На овој Симпозиум што се одржа во горе споменатите два